# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

26 јуни 2026 година, Гевгелија Број 10 Година XLV

# СОДРЖИНА:

## I.Акти на Советот на Општина Гевгелија

**276.Одлука за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион..........................................................................................................1**

**277.Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Ума (КП бр.1206 КО Ума)......................................3**

## II.Акти на Градоначалникот на Општина Гевгелија

**464. Решение за разрешување од вршител на должност директор на Јавната Општинска установа за деца Детска Градинка "Детска Радост"-Гевгелија..........................................................................................................4**

**465. Решение за избор на директор на Јавната Општинска установа за деца Детска Градинка "Детска Радост" Гевгелија...............................................5**

**466. Решение за разрешување од должност директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија.........................6**

**467. Решение за именување вршител на должноста директор на Јавната Општинска установа Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија.........7**

**468.Решение за престанок на мандатот на директорот на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"- Гевгелија...........................7**

**469.Решение за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија.............8**

# I.Акти на Советот на Општина Гевгелија

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион**

Се објавува **Одлуката за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион,** што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 22.06.2026 година.

Бр.08-923/2
23.06.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р**

Врз основа на Одлуката на Советот за развој на Југоисточниот плански регион бр.08-88/2 од 07.05.2026 година, Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 22.06.2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
**за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува обезбедување на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за потребите на пред-финансирање на проектите:

1. „Детекција на пожари и засилена мрежа за итни случаи против пожари за отстранување на отпад“ – FIREDEFEND
2. „Зелено за добро“ – GREEN FOR GOOD

3. „Кон прекугранична област, безбедна за срцето“ – HEART SAFE CBA
4. „Пристапност и вклучување за сите во јавните туристички средства и услуги за туризам“ – TAX4ALL,

кои се имплементираат од страна на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во рамки на „ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија 2021–2027“.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедуваат во износ од 4.000.000,00 денари, согласно утврдениот удел на Општината во вкупниот износ на средства за пред-финансирање на проектите.

Овие средства се наменети исклучиво за пред-финансирање на проектни активности и имаат привремен карактер.

**Член 3**

Одобрените средства се префрлаат на сметката на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, кој е задолжен за понатамошно управување со истите, согласно Одлуката на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Средствата ќе се користат наменски, исклучиво за реализација на проектните активности и ќе бидат предмет на финансиска контрола и верификација.

**Член 4**

По верификација на направените трошоци од страна на надлежниот Управувачки орган на програмата, средствата се рефундираат и се враќаат на сметката на Општината пропорционално на уплатениот износ.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гевгелија да ги преземе сите потребни активности за реализација на оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-919/1
22.06.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), а во врска со член 62 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Ума (КП бр.1206 КО Ума)**

Се објавува **Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Ума (КП бр.1206 КО Ума),** што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 22.06.2026 година.

Бр.08-923/3
23.06.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/011, 155/012, 53/13, 72/013, 44/014, 115/14, 199/14, 124/015, 129/015, 217/015, 31/16, 190/17 и „Службен весник на РСМ“ бр.174/21 и 41/26), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Службен весник на РМ„бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл. Гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.06.2026 год., донесе:

# ОДЛУКА
**за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација за с.Ума (КП бр.1206 КО Ума)**

**Член 1**

Со оваaОдлука се утврдува потреба за донесување на Урбанистички План за с.Ума со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект индивидуален станбен објект на КП бр.1206 КО Ума со класа на намена А1-1 ( куќи со двор), а по барање Уп.1 бр.11-707-л од 31.12.2018 год. набарателот Ќирил Динов од Гевгелија за кое е донесен Заклучок за промена на барател, т.е. барањето ќе продолжи на Лидија Динова со стан на ул.„Ванчо Прке„ бр.8 од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-920/1
22.06.2026год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---

## II.Акти на Градоначалникот на Општина Гевгелија

Врз основа на член 124 став (1) алинеа 7 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18г. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25)и член 50 став (1)од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување од вршител на должност директор на Јавната Општинска установа за деца Детска Градинка "Детска Радост"- Гевгелија**

1. Се разрешува Митра Митревскаод вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа за деца Детска градинка "Детска Радост" - Гевгелија, поради избор на директор по спроведен јавен оглас.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е:**

Согласно одредбите од Законот за заштита на децата, Управниот одбор на Јавната Општинска Установа за деца Детска градинка "Детска Радост" – Гевгелија, објави Јавен оглас за избор на директор на установата. По спроведената постапка, врз основа на Одлука за предлог-кандидат заизбор на директор донесена од УО на градинката, Градоначалникот донесе Решение за избор на директор на Јавната Општинска Установа за деца Детска градинка "Детска Радост" – Гевгелија.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Бр.08- 850/1
01.06.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

---

Врз основа на член120 и член 123 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и Одлуката за предлог-кандидат заизбор на директор на Јавната Општинска Установа за деца Детска градинка "Детска Радост" – Гевгелија, донесена од Управниот одбор на установата,Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на директор на Јавната Општинска установа за деца Детска Градинка "Детска Радост" Гевгелија**

1. За директор на Јавната Општинска Установа за деца Детска градинка "Детска Радост" – Гевгелија се избира:
- Митра Митревска, дипломиран воспитувач.

2. Директорот од точка 1 се избира за време од четири години и ги има сите права и обврски предвидени со актите на Јавна Општинска Установа за деца Детска градинка "Детска Радост" – Гевгелија,Законот за заштита на децата и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува во сила по правосилноста на истото, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е:**

Согласно одредбите од Законот за заштита на децата Управниот одбор на Јавната Општинска Установа за деца Детска градинка "Детска Радост" – Гевгелија, објави Јавен оглас за избор на директор на установата. По спроведената постапка, во законскиот рок до Градоначалникот е доставена Одлука за предлог-кандидат заизбор на директор на Јавната Општинска Установа за деца Детска градинка "Детска Радост" – Гевгелија, бр. 02-139/3 од 13.05.2026 година, донесена од Управниот одбор на установата, со која

за директор се предлага Митра Митревска, дипломиран воспитувач. Предложениот кандидат е единствен кандидат на огласот и истиот ги исполнува предвидените услови во огласот.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Бр.08-778/1
20.05.2026 година
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

---

Врз основа на член 30став (2), а во врска со член 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13 44/14, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 265/2024 и 132/2025) и член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување од должност директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија" - Гевгелија**

1. Се разрешува Мирјана Крстева Массетти од Гевгелија, од должност директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија" - Гевгелија, поради истек на периодот за кој е именувана.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-848/1
01.06.2026 година
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

---

Врз основа на член 34 став 1, а во врска со член 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13 44/14, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 265/2024 и 132/2025) и член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување вршител на должноста директор на Јавната Општинска установа Дом на култура „Македонија" - Гевгелија**

1. За вршител на должноста директор на Јавната Општинска УстановаДом на култура „Македонија" - Гевгелија се именува:

- Вилма Стамкова, Филолошки факултет.

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на Јавната Општинска УстановаДом на култура „Македонија" - Гевгелија.

3. Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите на директор до именување на нов директор.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-849/1
01.06.2026 година
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов, с.р.**

---

Врз основа на член 23 став (2) и (3) од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 06/02,40/03, 49/06,22/07,83/09,97/10, 06/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15 39/16, 64/18 и 35/19 год. и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25 год.), и член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе

# РЕШЕНИЕ

**за престанок на мандатот на директорот**

**на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"- Гевгелија**

1.На Раско Чочков од Гевгелија, со завршена ВСС-Правен факултет при Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, насока-правни студии, му престанува мандатот како Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија, заради истекот на мандатот од четири години како директор на ова Јавно претпријатие.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**Образложение:**

Лицето Раско Чочков од Гевгелија, со Одлука на Градоначалникот на Општина Гевгелија под бр.08-1416/7 од 17.06.2022 година, е именувано за директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија. Поради истекот на законски предвидениот мандат од четири години за извршување на функцијата Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"- Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го донесе ова Решение за престанок на мандатот на директорот на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"- Гевгелија, Раско Чочков, на ден 17.06.2026 година. Истовремено, Градоначалникот на Општина Гевгелија ги задолжи стручните служби на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и Општина Гевгелија ова Решение да го достават до надлежните установи за понатамошно постапување

Бр.08-895/1
17.06.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов**

-------------------------------------------

Врз основа на член 24-а став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 19/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 год. и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25 год.), и член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

1.Се именува лицето Раско Чочков од Гевгелија, со завршено Високо образование - Правен факултет, на функцијата вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија, сметано од 17.06.2026 година.

2.Примерок од Одлуката да се достави до именуваното лице и до архивата на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија

Бр.08-895/2
17.06.2026 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов**

---

***"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА"*, *Излегува по потреба***

***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***

***Ул. „Димитар Влахов" бр. 4 Гевгелија***